**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-60/3**

**Скопје, 16.01.2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за локални патишта на општина Кичево за 2005 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа , член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Фондот за локални патишта на општина Кичево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Медин Бектеши, Директор на Фондот за локални патишта на општина Кичево од 01.01.2005 година до 30.06.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 20.09. 2006 до 22.09.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Фондот за локални патишта на општина Кичево на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење кај Фондот за локални патишта на општина Кичево остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 28.12.2006 година** **Овластен државен ревизор**

## ФОНД ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 358 | 556 |
| Неданочни приходи | | 0 | 59 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 236 | 6,757 |
| **Вкупно приходи** | | **594** | **7,372** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 433 | 731 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 140 | 1,358 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 3.3.3. | 14 | 0 |
| Субвенции и трансфери | | 0 | 12 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **587** | **2,101** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4.1. | 7 | 5,166 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **7** | **5,166** |
| **Вкупно расходи** | | **594** | **7,267** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **0** | **105** |

## ФОНД ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 105 |
| Побарувања | 4.1.1. | 258 | 278 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 10 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 4,954 | 4,933 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5,212** | **5,326** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 25,519 | 25,512 |
| **Вкупно постојани средства** | | **25,519** | **25,512** |
| **Вкупна актива** | | **30,731** | **30,838** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 4,954 | 4,933 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 258 | 393 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **5,212** | **5,326** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 25,519 | 25,512 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **25,519** | **25,512** |
| **Вкупна пасива** | | **30,731** | **30,838** |